До
Сите средни општински училишта
во Општина Велес

Предмет: ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС ПО ПОВОД 4-ти ФЕВРУАРИ, ДЕНОТ НА РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И 21-ви ФЕВРУАРИ, МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК

Почитувани,

Советот на млади на Општина Велес, во соработка со Локалната библиотека „Гоце Делчев", по повод роденденот на патронот на велешката библиотека - 4-ти февруари и меѓународниот ден на мајчиниот јазик, 21-ви февруари, распишуваат литературен конкурс на тема:

**„Мојот јазик - мојот идентитет"**

Право на учество на конкурсот имаат сите ученици од средните училишта во Општина Велес, кои ќе бидат поделени во две категории и тоа категорија за I и II година и категорија за III и IV година. Учениците не се ограничени дали да творат во поезија или проза, а еден ученик може да учествува и со повеќе творби.

Доколку авторот твори на јазик различен од македонскиот, задолжително со оригиналната творба да се достави и превод или препев на македонски јазик.

Учениците своите творби треба да ги испратат до Локалната библиотека „Гоце Делчев", најдоцна до 19-ти февруари, лично или по пошта, а на творбата задолжително да бидат доставени и следните податоци:

- Име и презиме на авторот
- Име и презиме на менторот
- Година и училиште од каде е авторот
- телефон за контакт

Пристигнатите творби ќе бидат разгледани од трочлена жири-комисија составена од реномирани професионалци, а најдобрите три творби од секоја категорија ќе добијат и награда. Жири комисијата го задржува правото да одбере и пофали повеќе творби од секоја категорија.

Прогласувањето на најдобрите и доделувањето на наградите ќе се случи на 22.февруари 2016 година (понеделник) во 12 часот.

Со почит,

Филип Спирковски
Претседател на Совет на млади
на Општина Велес

Игор Крајчев
Директор на Локална библиотека
„Гоце Делчев"